## ПРЕГЛЕД НА ВИСИНАТА НА ПООДЕЛНИТЕ ИЗДАТОЦИ

| Вид на издаток 1 | ИЗНОС | | Се применува од период 4 |
|---|---|---|---|
| | Стопанство 2 | Нестопанство 3 | |

**Дневници за службени патувања**

- 8%[1] од просечната исплатена плата по работник во последните 3 месеци

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2.912,00 | 700,00[2] | 20-10-2023 |

**Трошоци за исхрана кога работодавачот ја организира на свој трошок**

- најмногу до 20%[3] од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 6.372,00 | -------- | 22-02-2023 |

**Регрес за годишен одмор**

- 40%[4] од просечната исплатена плата по работник во последните 3 месеци
- 60%[5] од просечна исплатена месечна нето плата по работник

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 14.560,00 | 21.834,00<br>9.000,00[6] | 20-10-2023 |

**Отпремнина за одење во пензија**

- двократен износ од просечната исплатена месечна нето плата во последните три месеци

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 72.802,00 | | 20-10-2023 |

- двократен износ од просечната исплатена месечна нето плата

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 72.780,00[7]<br>63.718,00[8] | 20-10-2023 |

[1] член 35 став 1 алинеа 1 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството – пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр. 115/14, Спогодба 119/15, Спогодба 150/16);

[2] член 20 став 2 алинеја 1 од Грански колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20, 172/21)

[3] член 113 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ бр. 62/05,.... 288/21);

[4] член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (Пречистен текст) („Службен весник на РМ“ бр. 115/14, Спогодба 119/15 и 150/2016) (Најмал износ);

[5] член 9 од Законот за исплата на платите во РСМ („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, ...202/19);

[6] член 21 од Грански колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20, 172/21)

[7] член 9 од Законот за исплата на платите во РСМ („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, ...202/19);

[8] член 23 од Грански колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20, 172/21)

| **Јубилејни награди** |
|---|

36.401,00[9] просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци

***

Грански колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20, 172/21).

***

Почитувајќи ги одредбите на член 204 до член 210 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ” бр. 62/05, ....288/21), упатуваат дека Општиот колективен договор за јавниот сектор се однесува на органите на државната власт и другите државни органи, органите на ЕЛС, установите, јавните претпријатија, заводите, агенциите, фондовите и други правни лица кои вршат дејност од јавен интерес.

Согласно член 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на РМ” бр. 130/09), општите колективни договори се усогласуваат со одредбите на Законот за работните односи во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на измените и дополнувањата на Законот за работните односи, односно најкасно до 4ти мај 2010 година.

***Најниската основица за пресметување на придонесите од задолжително социјално осигурување*** согласно одредбите на член 15 став 1 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” бр. 142/08, 62/09, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 150/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, Автентично толкување 8/15, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15, 190/16, 171/17, 35/18, 247/18, „Службен весник на РСМ“ бр. 251/22) за **тековната 2023 година** изнесува **24.699 денари** во бруто износ.

***Минимална плата***

Согласно објавата од Министерството за труд и социјална политика содржана во „Службен весник на РСМ“ бр. 58/23 од 16.03.2023 година е утврдено дека висината на минималната плата во **бруто износ** во Република Северна Македонија започнувајќи од април 2023 година изнесува **29.739 ден**. додека висината на месечната минимална плата во нето износ изнесува **20.175 ден**..

Имајќи го искуството од досегашната примена и начинот на утврдување и пресметување на доплатата на нето плата до минималната нето плата за помошно техничките лица, укажуваме дека тоа не треба да се врши со промена на интерните акти или со допишување на бодови во пресметката на нето плата туку со прилагодување на софтверската апликација со вградување на поле додаток до минимална плата.

Исто така сакаме да Ве известуваме дека во „Службен весник на РСМ“ бр 99 од 21 април 2022 година е донесен Законот за изменување на Закон за административни службеници, со кој се врши интервенции во членот 87 во делот уредување на начинот на пресметка на минималната плата на административните службеници.

---

[9] член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (Пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр. 115/14, Спогодба 119/15 и 150/2016).